ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за
локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# Комуникациска стратегија за 2024 – 2026 година:

# „Унапредување на транспарентноста на центрите за развој на планските региони“

# Центар за развој на Скопски плански регион

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Оваа стратегија е поддржана во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ кој е ко-финансиран од Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарија.

**Преглед**

- Центрите за развој на регионите обично имаат за цел да ги поддржат економскиот, социјалниот, и културниот напредок на даден регион. Ова може да вклучува финансиска помош, проекти за инфраструктура, програми за обука и развој на заедницата, како и други иницијативи за стимулирање на растот и напредокот на регионот.
- Оваа детална комуникациска стратегија, креирана за период од 2024-2026 година е фокусирана на „Унапредување на транспарентноста на центрите за развој на планските региони" и се спроведува во соработка со Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија и Швајцарската агенција за соработка и развој.
- Стратегијата има за цел да ја зајакне и унапреди транспарентноста и отчетноста на центрите со цел постигнување на поголема видливост за нивното работење и нивната улога во државата.

**Цели на стратегијата**

- Транспарентноста во работата на овие центри може да се однесува на отвореноста за финансиските средства, плановите и програмите што ги спроведуваат, како и на начинот на комуникација и соработка со заедницата и другите заинтересирани страни.
- Оваа стратегија е изготвена врз основа на сите претходни комуникации со претставниците на Центарот за развој на Скопски плански регион. Со дадените насоки и идните чекори ќе се надминат сите минати предизвици во однос на транспарентноста на Центарот, а со тоа ќе се зајакне видливоста и сликата за дејствувањето на Центарот на ниво на цела држава.
- Со предвидените чекори и алатки ќе се зајакне перцепцијата за состојбата со проектите и активностите кои ги врши центарот и ќе се докаже неговата улога на регионално и национално ниво.

**Анализа на состојбата**

**Слаби страни:**

- Граѓаните не се доволно запознаени со работата на Центарот за развој на Скопски плански регион, па од таа причина тешко ја препознаваат неговата улогата во однос на унапредувањето на Скопскиот Регион.
- Генерално, проектите и активностите Центарот ги реализира во соработка со општините, МЛС, донорите, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор, но во концептот на партнерства често е изоставен со својата улога, што се одразува на неговата видливост и промоција која што би требала да биде поголема. Уште една разлика од другите плански региони е тоа што во Скопскиот регион иако телевизиите се секогаш поканети на настаните, ретко или речиси и не доаѓаат, а локалните телевизии во другите плански региони редовно известуваат за активностите на центрите, па оттука имаат предност барем во регионалната видливост. Потребен е форум за уредниците на тв и другите медиуми за прво тие да ја разберат улогата и значајот на центарот, со цел да му дадат простор во програмските шеми, простор во соодветните редакции и тематските информативни известувања. Особено би било добро да се прават прилози за настаните на ЦРСПР.

**Силни страни:**

- Центарот за развој на Скопскиот плански регион опфаќа 17 општини, плус Градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа, па поради тоа спроведува широк опсег на активности на ниво на целата територија.
- Центарот е инволвиран во спроведувањето на различни активности во Скопскиот Регион и е задолжен за негово унапредување и одржлив рамномерен развој, токму поради тоа има клучна улога во вмрежувањето на комуникацијата меѓу општините и регионалното пласирање на информациите. Центарот исто така со надлежностите кои се содржани во самиот опфат на неговото име ветува доверба кај граѓаните пред кои мора да го оправда институционалниот интегритет.

**Предизвици:**

- Центарот за развој на Скопскиот плански регион, преку иницијативи за зголемување на транспарентноста, може да ја подобри својата комуникација со јавноста, да ги објасни своите активности и цели, да ги вклучи локалните заедници и да обезбеди информации поврзани со управувањето со ресурсите и проектите што ги спроведува за развојот на овој регион.
- Центарот за развој на Скопскиот плански регион сите активности и проекти ги спроведува во соработка со други институции, поради тоа при комуникацијата за

нивното спроведување мора да се внимава на рамноправен приказ за сработеното, со цел почитување на вклученоста на останатите страни.

**Соработка со институции**

- Пласирањето на информациите за сработеното и отчетот за придобивките и целите на активностите и проектите нужно е да се одвива континуирано во соработка со другите институции, со цел еднаков пристап на информираноста на граѓаните.
- Само со константна комуникација и соработка при информирањето, точните информации ќе пристигнат навремено до таргетираната публика.

**Напомена:** *Согласно комуникацијата со претставниците на Центарот, произлегува заклучокот дека Министерството за локална самоуправа, останатите министерства, како и општините недоволно ја истакнуваат вклученоста на Центарот во спроведувањето на проектите, од таа причина нужно е да се работи на меѓусебната комуникација, се со цел еднакво пласирање на информации за вклученоста на сите засегнати страни.*

**Комуникациски план**

**Соработка со медиуми**

- Зајакната комуникација со медиумските претставници од регионот се со цел детално запознавање со работата на Центарот. Вработените во Центарот потребно е да градат лични врски со медиумските претставници, како на локално, така и на национално ниво. Но, треба да се земе во предвид дека Скопскиот регион за разлика од останатите кои имаат тековни комуникации со локалните телевизии како постојан сервис за информирање е во поинаква ситуација, бидејќи тука се централизирани телевизии со национална концесија кои имаат уредничка политика и приоретизација на покривањето на дневните настани, и безразлика што се уредно поканувани и контактирани за настаните на ЦРСПР, честопати не се приоритет. Оттука потребно е константен ПР и канал за дистрибуција на инсформациите на центарот како и гостувањата на лицата – претставници на центарот, за да се постигне ефективност на комуникациската стратегија.
- Во однос на сегашната слика, граѓаните почнуваат да ја препознаваат работата на центарот, но треба постојан континуитет на неговата видливост, како и присуство во соодветни рубрики за да се развие интерес кај медиумските работници за креирање на содржини, и за да се навикне јавноста на потребата од инфо-содржини. Па оттука, освен потребата за зајакнати конекции и личното предлагање на содржини се јавува потребата и од поотворен и договорен сервис за информирање што би обезбедило подобра и редовна динамика на видливост. Односно, потребно е поврзување на соодветните медиуми и рубрики и

обезбедување на редовен простор за присуство на центарот во нив, но во својство на општествено одговорно информирање за состојбите на регионалниот развој и тековните активности, без финасирање на присуството во подобните термини за пласирање на информациите кои исто се предмет на ефективноста на комуникациската стратегија.

- Се препочачува тематски подкаст / или регионални подкасти, за сите регионални центри со кој јавноста би имала уште еден извор на информирање, согласно новите социјални алатки и простори за информирање кои се наменети за таргетирани и потенцијални конзументи.
- Се препорачуваат и пакети и закупи на годишен простор за редовно информирање од дневните гласила и медиуми, во печатена и он-лине форма кои исто се потребни во заокружувањето на информативната покриеност.
- Се препорачува унифицирано или креативно коорпоративно видео за работата на секој поединечен регионален центар кое ќе биде дополнителен материјал за визуелизација, заедно со комбинација од фотографии, снимки и прикладни инфо-содржини за центарот и поединечно за проектите и активностите заради можноста за креирање на прилози од страна на медиумите.

**јануари 2024 - декември 2024**

- Согласно креирањето на видливоста на Центарот, во овој период е предвидено секој месец да се објавуваат различни содржини во различни медиуми (локални или национални) кои се насочени кон улогата на Центарот во подобрувањето на состојбата во регионот. Во контекстот на примарната функција на Центарот, може да се дава и ретроспективен преглед на сите проекти и бенефитите од истите.
- Во овој период ќе се организираат и гостувања во емисии, на кои претставници од Центарот ќе зборуваат за имплементираните проекти, но и за сите предвидени активности во текот на 2024 години.
- Исто така, ќе се објават и минимум две интервјуа со претставници на Центарот, во кои детално ќе се објасни работата на Центарот при спроведувањето на проектите.
- Во овие медиумски содржини ќе се стави акцент на минатите проекти во однос на тоа: што придонеле тие за регионот, со која цел се спроведени, колку граѓаните ги чувствуваат придобивките од истите, како и за тоа врз основа на кои потреби се спроведени тие проекти.
- Освен директорот, во креирањето на овие објави ќе бидат вклучени и останатите вработени во Центарот, кои на различен начин ќе дадат свое видување за нивното работење.

- Во овој период исто така ќе се пласираат и содржини во кои ќе се повикуваат граѓаните за учество на форумите и другите настани кои ги спроведува Центарот кои освен што се предмет на потребно информирање, се исто така предмет на соодветна промоција на центарот.
- При завршувањето на секој проект ќе се креираат содржини за истиот, во кои детално ќе се објасни вложениот труд на Центарот при спроведувањето на истиот.
- Препорачани се јавни дискусии и дебати на претставниците на центрите, вклучително и на правниот сектор за евалуација на функционалноста, и спроведувањето на законот за рамномерен регионален развој.

**јануари 2025 - декември 2025**

- Во овој период исто така на месечно ниво ќе се објавуваат содржини во медиумите. Во првите три месеци при креирањето на содржините ќе се стави акцент на минатогодишните проекти и нивната улога во унапредувањето на регионот. Во текот на овој период ќе се пласираат и содржини во кои ќе се даде детален опис за тоа како граѓаните можат да бидат вклучени во донесувањето на одлуки за креирање на проектите.
- Овие содржини ќе се создаваат со вклученост на повеќе страни, односно граѓани од регионот каде се спровел одреден проект (лица кои гледаат бенефит од него), претставник на Центарот, претставник на општината, претставник на МЛС/БРР, и останатите вклучени претставници на донори и соработници, се со цел, секој од нив да изнесе свое гледиште за потребата од спроведување на слични проекти. Суштината на креирањето на ваков тип на содржини е рамномерна вклученост на сите страни при известувањето.
- Тековно, ќе се креираат содржини и за сите проекти кои се спроведуваат. Со веќе зајакната соработка со медиумите, самиот Центар ќе предлага содржини кои треба да бидат пласирани во јавноста. Ќе се пласираат информации за спроведувањето на проектите, фазите, проекциите и придобивките.
- Во овој период ќе се објават и минимум две интервјуа со претставници на Центарот во кои ќе се даде осврт на состојбата на регионот, тековните проекти, како и за идните планови.
- По завршувањето на одреден проект ќе се организира гостување во емисија на кое претставник од Центарот ќе даде детално објаснение за самиот проект, пожелно е да гостува проектниот координатор како лице кои е детално запознаено со сите активности.
- Постојано ќе се одржува комуникацијата со медиумите, со цел навремено известување за претстојните форуми и текот на работите на одреден проект.

**јануари 2026 - декември 2026**

- Во текот на првите три месеци од годината ќе се пласираат содржини за постигнатите успеси од минатогодишните проекти, во кои постојано ќе бидат вклучени и граѓани од места каде се спроведувал одреден проект.
- Во овој период ќе се создаваат објави од одржаните форуми, се со цел да има менлива содржина која постојано ќе го задржува вниманието на публиката, како на регионално, така и на национално ниво. Во објавите може да биде елаборирана и конкретната дискусија на форумите, гледиштата на граѓаните и нивните предлози, се со цел поголем приказ на моменталната состојба и нивните потреби.
- Во договор со националните медиуми ќе се изготват прилози за регионот во кои ќе се даде осврт на веќе сработените проекти (пред и потоа).
- Ќе се објават и минимум две интервјуа во кои ќе се даде оценка за постигнатиот напредок, како и за идните планови на Центарот.
- Во овој период е предвидено граѓаните детално да бидат запознаени со улогата на Центрите, согласно тоа, во овој период ќе се организираат гостувања во емисии во кои ќе се зборува за регионот, убавините кои ги поседува, со мал осврт на бенефитите од проектите.
- Тековно ќе се известува за сите проекти кои се сработиле во текот на годината, а во текот на спроведувањето ќе се креираат содржини за тековните активности и проекциите.

**Веб-сајт**

- Центарот за развој на Скопскиот плански регион поседува сопствен веб-сајт. Согласно комуникацијата со претставниците на Центарот и согласно приложеното, информациите на сајтот треба да бидат предмет на редовно ажурирање. Се забележува неискористена можност за поголем опсег на информации, речиси во сите секции. Од исклучително значење за зголемувањето на транспарентноста на Центарот е постојано и навремено ажурирање на вебот.
- На сајтот потребно е постојано да се прикачуваат и сите медиумски објави, кои се креирани за Центарот.
- Со цел зајакната видливост, потребно е креирање на нов веб-сајт на кој ќе бидат пласирани информациите за сите центри. Сајтот да поседува осум секции, одделно за секој центар и во тие секции да бидат објавувани сите податоци за тековните проекти во одреден регион. Дополнително во секоја секција да биде означено поле, кое ќе води директно до индивидуалниот сајт на одреден Центар.

Заедничкиот сајт ќе служи за поголемо вмрежување на центрите, како и за поголема достапност на информациите за нивната работа.

**Таргетирана публика:**

- Примарна: Жители на Скопскиот Регион, вработени во институциите во рамки на регионот, како и припадници на бизнис заедницата и академскиот сектор.
- Секундарна: Сите граѓани на Република Северна Македонија, сите припадници на бизнис заедницата, академскиот сектор, вработени во државни институции, вработени во приватен сектор кои работат во сфери кои имаат допир со регионот.

**Канали на социјални мрежи:**

- Центарот за развој на Скопскиот плански регион поседува свој канал на мрежата Фејсбук. Постовите на фејсбук-профилот се објавуваат во зависност од тековните активности – нема конкретен број на неделно ниво. Вработените во Центарот прават проценка за атрактивноста на одредена тема и согласно тоа креираат постови за Фејсбук.
- Создавање на инстаграм-профил за Центарот, со цел поголема промоција на регионот и атракциите кои ги поседува.
- Креирање на LinkedIn профил, со цел вклученост на платформа, која е атрактивна за бизнис заедницата.
- Создавање на заеднички фејсбук-профил на сите центри, на кој ќе се објавуваат сите медиумски содржини кои се креирани за центрите.

**Креирање на постови за социјални медиуми**

- Со цел зајакнување на каналите на социјални мрежи потребно е создавање на различен тип на објави кои ќе бидат интересни за публиката.
- На фејсбук-профилот на Центарот на неделно ниво ќе се креираат по три постови. Дел од нив ќе се концентрираат на тековните активности од моментални проекти (потребно е секој пост да има различна содржина, односно на еден ќе се даде акцент на активностите, на следен на бенефитите од проектот - илустрирани со фотографија од моменталните активности).
- Другите постови ќе бидат создадени врз основа на атракциите од регионот - со кус опис или историјат, илустрирани со конкретната тема.
- Останатите постови ќе бидат ориентирани на бизнис заедницата, односно овие постови ќе ги вклучуваат дејностите кои се најзастапени во регионот.

- На инстаграм-профилот неделно ќе се објавуваат по три постови, насочени кон промовирање на значајностите на регионот и неговото унапредување во различни сфери. Во однос на проектите, на оваа мрежа ќе се објавува само финалниот дел на проектот. Постовите ќе бидат создадени од креативи кои го задржуваат вниманието на публиката и кус текст што претставува објаснение за креативата.
- На инстаграм-профилот во секцијата „стори“ ќе се креираат креативи со помалку познати факти за регионот, кои ќе ги застапуваат сите сфери.
- На LinkedIn профилот ќе се објавува по еден пост неделно. Содржините ќе бидат наменети исклучиво за бизнис заедницата, односно на нив ќе се објавуваат постови во кои се акцентираат бизнисите во регионот - односно дејностите кои се најзастапени.

**Кампања:**

- Во текот на овој тригодишен период од исклучителна важност е да се спроведе кампања за регионот.
- Во рамките на оваа кампања примарно ќе бидат креирани интересни содржини за социјалните медиуми кои ќе го доловат значењето на регионот за цела држава.
- Во рамки на кампањата ќе бидат креирани куси, информативни видеа кои ќе бидат објавувани на социјалните мрежи се со цел да се доловат сите атракции кои ги поседува регионот.
- Ќе се креираат и содржини за дејствувањето на бизнис заедницата во регионот, со нагласување на нивните придонеси кон целокупната економија во државата.
- Ќе се креираат и куси, инспиративни приказни за минатото на регионот, со цел да се долови самото унапредување. Во овој дел, во сенка, ќе се прикаже значењето на проектите кои се спроведени од страна на Центарот.
- Во рамки на кампањата ќе се вклучат и истакнати лица од регионот, се со цел, тие да го дадат нивното лично видување за животот во тоа место.
- Ќе се креираат кратки содржини со искази на граѓани кои на каков било начин придонесуваат за регионот.

**Теми за комуникација со граѓаните и бизнис заедницата:**

- Скопскиот регион е најразвиен регион во Република Северна Македонија, особено во поглед на развиеноста на индустријата, и концентрацијата на креативните индустрии. Најзначајни сектори во регионот се ИТ секторот, прехранбената индустрија, фармацевтската, текстилната, печатарската, металопреработувачката, градежништвото, угостителството, трговијата, транспортот и деловните услуги, а

носители на економскиот развој во Скопскиот регион се големите претпријатија, со фокус на претприемачкиот дух и предизвиците за развој на малите и средните претпријатија како и можностите за стартапи и иновации, и фокусот на човечкиот капитал.

- Темите кои ќе бидат комуницирани со граѓаните се во насока на промоција на регионот, особено од аспект на културните богатства кои ги поседува и можностите за развој на нови бизниси. Исто така ќе бидат креирани и содржини за помалку познати факти за регионот. Изборот и начинот на промоција треба да биде соодветен и доколку вклучува студиозни информации и факти треба да подложи на стручна проверка како гаранција за квалитетот на информацијата.

**Обуки:**

- Согласно комуникацијата со вработените, во Центарот е потребно стручно лице за креирање на објави за социјални медиуми.
- Во текот на 2024 година ќе се спроведат обуки со вработените во сите центри за креирање на објави на социјални мрежи. Секој од вработените, со координација ќе биде задолжен за креирање на две до три содржини на неделно ниво. На тој начин постојано ќе се збогатуваат каналите на социјални мрежи, а со тоа ќе се зголеми фреквенцијата на истите.
- Во рамки на обуката ќе се објасни детално на кој начин може да се применува вештачката интелигенција при креирањето на постови на социјалните мрежи, се со цел истите да бидат креативни и привлечни за публиката.
- Освен обуки за вработените кои се профилирани за конкретни работни задачи, со кои би се зајакнале човечките капацитети потребен е и работен план, со распределба и дозирање на обврските на вработените со рамномерно ротирачко учество во спроведувањето на комуникациската стратегија. Во спротивно ќе се појави потребата од стручно лице (ПР), односно профилиран кадар со компетенции за комуникации и медиуми.

**Мерење на ефективноста:**

- Во текот на целиот период ќе се собираат клипинзи и анализи, со цел да се долови успешноста на комуникацискиот план.

**Заклучок:**

- Со тековното пласирање на информации и содржини на социјалните мрежи кои ја прикажуваат работата на Центарот и знаменитостите на регионот, како и начинот на живот, социо-економската состојба и развојот, граѓаните на Република Северна Македонија ќе ја добијат целосната слика за активностите и проектите кои ги спроведува Центарот.
- Регионалните жители во иднина лесно ќе ја препознаваат неговата дејност, а со тоа ќе се поттикне поголема вклученост во развој на регионот.